| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Училишното ѕвонче не вика |
| **Содржина на денот** | Монети од 1, 2 и 5 денари |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Негување на хигиенските навики за редовно миење и дезинфекција на раце и во училиште. |
| **Активност** | Денешната активност може да ја реализирате преку дидактичка игра со детето „Во продавница,“ (слика1). За играта направете од хартија монети од 1, 2 и 5 денари или може да користите и вистински монети(слика 2, 3 и4). Играјте со детето продавач, купувач и улогите менувајте ги како детето би можело во двете улоги да ги воочува , препознава и споредува монетите. Во текот на играта може да му објасните на детето како се движи соодносот со монетите преку споредување на купените производи пр.со 1денар се купува 1 мастика, со 2 денари 2 мастики а со 5 денари 5 мастики (слика 5). Предложете му на детето да почнете да штедите пари со ставање во касичка (слика 6) ,а ако нема може и во тегличка(слика 7 и 8) за потоа ги броите(слика 9) и заедно појдете да купите нешто како детето би можело и да се пофали како тоа со штедење си купило, а сигурно ќе има влијание и на подобро вреднување на купеното нешто. Активноста може да ја завршите со решавање на задачи со монети и тоа детето да формира множества од дадени монети или да придружува бројка до множеството според бројот на монетите (слика 10). |